Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 63 ставови 1, 2 и 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 68-та седница одржана на ден __.09.2025 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност за формирање паралелка**
**со поголем број на ученици за учебната 2025/2026 година**
**во ООУ„Блаже Конески“ Велес**

1. Со ова Решение се дава согласност на ООУ„Блаже Конески“ Велес да формира паралелка со поголем број на ученици за учебната 2025/2026 година и тоа:

- 1 паралелка во IV одделение со 31 ученик.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

До Советот на Општина Велес од страна на ООУ„Блаже Конески“ Велес на ден 01.09.2025 година доставено е барање со бр.25-4261/1 за добивање согласност за формирање на една паралелка со поголем број на ученици во четврто одделение во учебната 2025/2026 година.

На ден 19.08.2025 година во ООУ„Блаже Конески“ Велес примено е Барање од родители, заведено под.арх.бр.03-594/1 со кое истите информираат дека по тригодишен престој во Скопје, повторно се враќаат со живеалиште во Велес на улица која согласно реонизацијата на основни училишта, припаѓа во реонот кој го опфаќа ООУ„Блаже Конески“ Велес.

Постапувајќи по ова барање, од страна на ООУ „Блаже Конески“ Велес доставено е барање до Министерството за образование и наука и од нивна страна доставен е одговор до училиштето со дадени насоки за постапување.

Согласно член 63 ставови 1, 2 и 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25): (1)Родителот, односно старателот има право и обврска да го запише детето во основното училиште во реонот во кој има живеалиште или каде што има престојувалиште; (2) Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон и (3) Основното училиште е должно да ги запише учениците од својот реон, без исклучоци освен во случаи кога во училиштето на реонот нема услови за следење на настава на мајчин јазик, постои документација која го потврдува здравственото или психосоцијалното здравје на ученикот како основа за префрлање и кога училиштето има слободен капацитет и префлањето е во интерес на детето, потврдено од центарот за ментално здравје.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Бр. 03-711/1
01.09 20 25 год
ВЕЛЕС

До
Совет на Општина Велес

**Предмет: Барање за формирање на паралелка со поголем број на ученици**

Почитувани,

ООУ „Блаже Конески“ – Велес Ве известува дека на ден 19.08.2025 година во училиштето пристигна барање од родители, заведено под деловоден број 03-594/1, со кое истите информираат дека по тригодишен престој во Скопје, повторно се враќаат со живеалиште во Велес, на ул. „Петре Алчев“ бр. 36. Со барањето се бара нивното дете да биде запишано во IV одделение во ООУ „Блаже Конески“ – Велес.

Согласно реонизацијата на основни училишта, улицата „Петре Алчев“ припаѓа во реонот кој го опфаќа нашето училиште. Меѓутоа, генерацијата на IV одделение во учебната 2025/26 година има четири паралелки, при што секоја паралелка е со максимален број од 30 ученици, односно со целосно исполнет законски дозволен капацитет.

Согласно **Законот за основно образование** („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20 и Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование од 03.01.2025 г.):

- член 63 став (1): „Родителот, односно старателот има право и обврска да го запише детето во основното училиште во реонот во кој има живеалиште или престојувалиште“;
- член 63 став (2): „Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон“;
- член 53 став (4): „Бројот на ученици во паралелката е од 20 до 30 ученици“.

Од наведеното произлегува правна противречност, бидејќи училиштето има законска обврска да го запише ученикот од својот реон, но истовремено е ограничено со максималниот број на ученици по паралелка.

За насоки околу надминување на ваквата состојба, ООУ „Блаже Конески“ – Велес на ден 19.08.2025 г. достави барање до Министерството за образование и наука (заведено под деловоден број 03-595/1). На ден 01.09.2025 г. е добиен одговор од Министерството за образование и наука (деловоден број 03-595/2), со кој е наведено следното: „Со оглед на фактот дека со процесот на децентрализација училиштата од 2005 година се во надлежност на општините, Општина Велес во соработка со директорот на ООУ „Блаже Конески“ – Велес потребно е да изнајде решение во најдобар интерес на ученикот, а во согласност со позитивните законски прописи“.

Со оглед на тоа што запишувањето на ученикот би довело до надминување на законскиот максимум од 30 ученици по паралелка, како и на фактот дека вкупниот број ученици во генерацијата ќе надмине 120, училиштето би се соочило со потреба од формирање на нова петта паралелка, прераспределба на учениците кои веќе три години се распределени во соодветните паралелки и обезбедување дополнителен наставен кадар. Ваквата состојба би можела да создаде организациски и кадровски

потешкотии, вклучително и ризик од идно создавање на технолошки вишок, имајќи го предвид континуираниот тренд на намалување на бројот на ученици.

Според горенаведеното, како и насоките на Министерството за образование и наука, **ООУ „Блаже Конески“ – Велес бара од Советот на Општина Велес да донесе одлука за давање согласност за формирање паралелка со поголем број од 30 ученици**, во согласност со член 63 став (2) од Законот за основно образование, а со цел обезбедување на правото на ученикот на образование во основното училиште од својот реон, во најдобар интерес на детето и согласно начелата утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Со почит,

Директор

ООУ„Блаже Конески“ Велес

Маја Коруновска

**ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВЕЛЕС**
*ул. Љубљанска бр. 1 Велес тел.043/222-090*
*e-mail:oublazekoneski@yahoo.com www.blazekoneskiveles.com*

**До**

**Министерство за образование и наука**

**Сектор за основно образование**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Бр. 03-595/1
19.08 20.25 год
ВЕЛЕС

**ПРЕДМЕТ: Барање на информација од ООУ „Блаже Конески“ - Велес**

Почитувани,

ООУ „Блаже Конески“ – Велес Ве известува дека на ден 19.08.2025 во училиштето пристигна барање од родители заверено со дел.бр.03-594/1 во кое не информираат дека после три годишно живеење во Скопје се враќаат со живеалиште во Велес на ул: Петре Алчев бр: 36 Велес и бараат нивното дете да биде запишано во IV одделение во ООУ„Блаже Конески“ Велес. Ве известуваме дека улицата на која живеат припаѓа во реонот што го опфаќа нашето училиште но генерацијата во IV одделение има четири паралелки, секоја со максимален број на дозволено запишани ученици односно со по 30 ученици.

Според Законот за основно образование (Службен весник на Р.С.Македонија бр:161/19, 229/20 и Закон за изменување и дополнување на законот за основно образование од 3.1.2025г) во член 63 став 1 „Родителот, односно старателот има право и обврска да го запише детето во основното училиште во реонот во кој има живеалиште или каде што има престојувалиште“ член 63 став 2 „Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон“ и член 53 став 4 „Бројот на ученици во паралелката е од 20 до 30 ученици“ во нашиов случај се противречни.

Ве замолуваме во најкраток временски период да ни дадете насока за начинот на надминување на настанатата состојба поради тоа што за една седмица започнува учебната година.

Со почит,

Директор

Маја Коруновска

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Бр./Nr. 12-11422/2
Датум/Data 26 AUG 2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Примен 01.09.2025
03 595/2

До: Директорот на ООУ„Блаже Конески"
Општина Велес

Предмет: Одговор на барање
Врска: Ваш бр. 03-595/1 од 19.08.2025 година

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис под горенаведениот број и датум со кој барате информација за запишување на ученик во IV одделение во ООУ„Блаже Конески" во кое има четири паралелки во IV одделение со по 30 ученици, а ученикот живее на улица која припаѓа на реонот на училиштето Ве известуваме за следното:

Согласно член 63 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр.161/19,229/20,03/25 и 74/25), основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.

Исто така, согласно член 53 став 4 од истиот Закон, бројот на ученици во паралелката е од 20 до 30 ученици.

Врз основа на горенаведеното Ве известуваме дека училиштето е должно да ги опфати учениците од својот реон.

Со оглед на фактот дека со процесот на децентрализација училиштата од 2005 година се во надлежност на општините, општина Велес во соработка со директорот на ООУ„Блаже Конески" потребно е да изнајде решение во најдобар интерес на ученикот, а во согласност со позитивните законски прописи.

Со почит,

МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
проф.д-р Весна Јаневска

Подготвил: Славица Протогерова
Одобрил: Билјана Казанџиска
Согласен: м-р Даниела Граороска Саздова


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk